ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ

Скопје, јули 2018 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 17. 07. 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 4415/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и забавните игри.

ПРАТЕНИЦИ:

Ejup Alimi

Rexhail Ismaili

**ВОВЕД**

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за игрите на среќа и забавните игри („Службен весник на Република Македонија" број 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), се уредуваат видовите, условите и начинот на приредување на игрите на среќа и забавните игри.

Од досегашната имплементација на Законот постојат повеќе недоследности и можност за произволно толкување на истиот.

Имено потребата од дорегулација на оваа материја се наметна од секојдневните проблеми со кои се затечени граѓаните, општините и самата држава.

Одалеченоста односно неуреденоста на кој простор треба да се наоѓат деловните простории за приредување на игрите на среќа е голема празнина и истите многу често имаат несоодветна местоположба до градинки, училишта и тн.

Со предлог законот се уредува ова прашање за кое постоеја многу граѓански интервенции и иницијативи на здруженија за дислокација на обложувалниците и казината.

Со Предлог законот се уредува и начинот на користење на средствата за финансирање на спортот, односно се зголемуваат износите со цел искористување на средствата добиени од посебните давачки од игрите на среќа за создавање на услови за спортски активности, кои треба да бидат насочени кон создавање на здрави навики на граѓаните за сметка на порочните навики кои се веќе стекнати со големата рашireност на субјектите кои приредуваат игри на среќа.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлогот на законот се заснова врз истите начела врз кои е заснован Законот за игрите на среќа и забавните игри.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и забавните игри предизвикува дополнителни фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на предложените изменувања и дополнувања на законот потребни се дополнителни финансиски средства, кои ќе се извојуваат од средствата кои веќе се собираат по основ на постоечките давачки утврдени со законот.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ

Член 1

Во Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" број 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), во член 16 ставот (6) се менува и гласи:

„Висината на средствата за намената утврдена во ставот (5) на овој член се определува на износ кој не може да биде помал од 30 % ниту поголем од 50 % од вкупниот износ на средствата остварени по сите основи од приредувањето на посебните игри на среќа."

По ставот (8) се додава нов став (9) кој гласи:

„(9) Владата на Република Македонија, задолжително најмалку еднаш годишно го информира Собранието на Република Македонија за висината на средствата собрани во Буџетот на Република Македонија по сите основи од приредувањето на игрите на среќа и забавните игри, како и за распределбата на средствата согласно ставовите (1), (2), (5) и (8) од овој член, при што детално информира за кои мерки, проекти или активности биле искористени средствата и кои се ефектите од така потрошените средства."

Член 2

Во членот 21 по ставот (4) се додаваат четири нови става (5), (6), (7) и (8) кои гласат:

„(5) Просториите во кои се приредуваат посебните игри на среќа (игри на среќа во казино, игри на среќа во обложувалница и игри на среќа во автомат клуб) и електронските игри на среќа (видеолотарија, електронско бинго и електронско кено) задолжително се оддалечени најмалку 500 метри од објекти во кои се вршат воспитно – образовни дејности (основни и средни училишта), високо образовна дејност (факултети, универзитети, институти и сл.), библиотеки, установи во кои се врши дејност на згрижување на деца (особено детски градинки, домови за згрижување на деца без родители и сл.).

(6) Оддалеченоста на просторијата до соодветниот објект во кој се врши некоја од дејностите утврдени во ставот (5) на овој член се определува на начин што се утврдува оддалеченоста од границата на градежната парцела на која е изграден објектот во кој се врши некоја од дејностите од претходниот став на овој член која е најблиску до деловната просторија и влезот на деловната просторија во која се приредуваат игрите на среќа како најкратката хоризонтална оддалеченост, односно воздушна линија.

(7) На барање на приредувачот на игри на среќа, потврда за оддалеченоста на просторијата до најблискиот објект во кој се врши некоја од дејностите утврдени во ставот (5) од овој член издава единицата за локална самоуправа на чија територија се наоѓа деловната просторија, во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.

(8) Начинот на утврдување на оддалеченоста и формата и содржината на потврдата од ставот (7) на овој член поблиску ги пропишува министерот за финансии.

Член 3

Во членот 21-а, став (2) во алинејата 4 сврзникот „и“ на крајот од реченицата  се заменува со запирка.

Во алинејата 5 точката на крајот на реченциата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:

„- Потврда издадена од единицата за локална самоуправа на чија територија се наоѓа просторијата за приредување на игри на среќа со која се потврдува дека предметната просторија е оддалечена најмалку 500 метри од објект во кој се врши некоја од дејностите утврдени во членот 21 став 5 од овој закон.“

Член 4

Министерот за финансии во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон, е должен да го донесе актот од членот 21 став (8) од овој закон.

Единиците за локална самоуправа во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон, се должни да отпочнат со издавање на потврдите од членот 21 став (7) од овој закон.

Член 5

Одредбите од членот 21 ставови (5), (6) и (7) и член 21-а став (2) алинеја 6 од овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2019 година.

Член 6

Приредувачите на посебните игри на среќа и електронските игри на среќа должни се да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон до 1 јануари 2019 година.

Неисполнување на условот од членот 2 од овој закон, со кој во членот 21 се додава нов ставов (5) по 1 јануари 2019 година претставува основ за одземање на лиценцата за приредување на игри на среќа.

Доколку органот кој врши надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за игрите на среќа и забавните игри, при контрола кај приредувач на игри на среќа утврди неусогласеност на просторните и техничко-технолошките услови во смисла на членот 21 став (5) од овој закон по 1 јануари 2019 година, ќе постапи согласно член 151 став 5 од Законот за игрите на среќа и забавните игри.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ :**

**I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗАБАВНИТЕ ИГРИ :**

Предлог законот содржи 7 члена.

Со членот 1 се врши промена на висината на средствата кои се издвојуваат од буџетот за финансирање на спортот, а кои средства се собираат како резултат на уплатите на приредуваите на игрите на среќа. Исто така се регулира и должноста на Владата да го информира Собранието за висината на собраните средства по основ на уплати од приредувачи на игри на среќа и како тие средства се искористуваат согласно членот 16 од Законот. При тоа се бара извештајот да е детален и точно да ги содржи мерките, активностите и проектите за кои се потрошени овие средства од Буџетот и секако да се информира Собранието за ефектите од потрошените средства.

Во членот 2 со новите ставови 5,6,7 и 8 во членот 21 се уредува нов просторен и техничко технолошки услов за просториите во кои се приредуваат игрите на среќа, во смисла на оддалеченоста од објекти во кои се вршат определени дејности како воспитно образовни дејности, односно училишта, универзитети и факултети, градинки и сл. Основната цел на овој член е превенција на можностите за стекнување на порочни навики кај младото население.

Членот 3 се уредува дека потврдата за оддалеченост на просториите ќе биде еден од условите за издавање на Уверението за исполнетост на просторните и техничко технолошките услови.

Во членот 4 се регулираат оперативните одредби за донесување на подзаконските акти и отпочнувањето со издавање на потврдите од страна на единиците на локална самоуправа.

Со членот 5 се регулира одложната примена на членот 21 ставови (5), (6) и (7) и член 21-а став (2) алинеја 6.

Со член 6 е регулирана обврската за усоглаасување на приредувалите со новиот просторен услов до 01.01.2019 година, а во спротивно истото претставува основ за одземање на лиценцата за приредување на игри на среќа.

**II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ**

Решенијата кои произлегуваат со изменувањата и дополнувањето на овој закон се меѓусебно поврзани и прават една правна целина.

**III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА**

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, ќе се регулираат досегашните проблеми и недоследности во законот во делот на просторот каде може да се наоѓаат просториите во кои се приредуваат посебните игри на среќа и електронските игри на среќа, како и начинот

на користење на средствата за финансирање на спортот, кои се зголемени со цел искористување на средствата добиени од посебните давачки од игрите на среќа за создавање на услови за спортски активности, кои треба да бидат насочени кон создавање на здрави навики на граѓаните наспроти стекнатите навики од големата рашireност на субјектите кои приредуваат игри на среќа.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**

("Службен весник на Република Македонија" број 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16)

Член 16

(1) Средствата остварени по сите основи од приредувањето на игри на среќа и забавни игри се користат за финансирање на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија на граѓани за борба против семејното насилство и за Црвениот крст на Република Македонија.

(2) Износот на средствата за намената утврдена во ставот (1) на овој член се определува на 50% од вкупниот приход од игрите на среќа и забавните игри утврден во претходната календарска година, но не помалку од 60 милиони денари и не повеќе од 120 милиони денари.

(3) Распределбата на средствата од ставот (2) на овој член ја врши Владата на Република Македонија со одлука, врз основа на програма поднесена од страна на Министерството за труд и социјална политика.

(4) Министерството за труд и социјална политика програмата од ставот (3) на овој член ја изготвува врз основа на поднесени проекти од страна на субјектите од ставот (1) на овој член, во кои се назначени износот на средствата и намената за нивно искористување.

(5) Средствата остварени по сите основи од приредувањето на посебните игри на среќа се користат за финансирање на спортот, за спортските федерации и клубови преку Агенцијата за млади и спорт.

(6) Висината на средствата за намената утврдена во ставот (5) на овој член се определува на износ кој не може да биде помал од 30 милиони денари и не поголем од 50 милиони денари.

(7) Распределбата на средствата од ставот (6) на овој член ја врши Владата на Република Македонија со одлука, врз основа на програма поднесена од Агенцијата за млади и спорт.

(8) Агенцијата за млади и спорт програмата од ставот (7) на овој член ја изготвува врз основа на поднесени проекти од страна на спортските федерации и клубови, како и врз основа на сопствени проекти за унапредување на спортот, во кои се назначени износот на средствата и намената за нивно искористување.

Член 21

(1) Игрите на среќа и забавните игри се приредуваат во посебно уредени простории кои треба да ги исполнуваат просторните и техничко-технолошките услови, кои ги пропишува министерот за финансии.

(2) Продажбата на лозови, инстант лозови и томболски картички за ТВ томбола, односно уплатата на лото, кено и спортска прогноза (тото) може да се врши и по пат на улична продажба.

(3) Доколку тоа го дозволува видот на играта на среќа, општите и посебните игри на среќа можат да се приредуваат преку СМС пораки и преку апликација на мобилен уред.

(4)Просторните и техничко-технолошките услови кои приредувачите на игрите на среќа се должни да ги исполнуваат доколку

ги приредуваат игрите на среќа преку СМС пораки и преку апликација на мобилен уред ги пропишува министерот за финансии со актот од ставот (1) на овој член.

Член 21-а

(1) Управата за јавни приходи го утврдува исполнувањето на просторните и техничко-технолошките услови и поставеноста на опремата за приредување на игрите на среќа и на забавните игри во деловните простории од страна на приредувачите на игрите на среќа и на забавните игри.

(2) Приредувачот на игрите на среќа поднесува барање до Управата за јавни приходи за издавање на решение за утврдување на исполнувањето на просторните и техничко-технолошките услови и поставеноста на опремата за приредување на игрите на среќа и на забавните игри во деловната просторија, кон кое приложува:

- документ за регистрација на трговецот-поединец, односно на трговското друштво или неговата подружница, издаден од Централниот регистар на Република Македонија,
- доказ за правото на сопственост или правото на користење на деловната просторија,
- скица со податоци за бројот и поставеноста на автоматите, масите, апаратите и другата опрема потребна за приредување на игрите на среќа, односно на забавните игри во деловната просторија,
- технички извештај за извршена верификација на својствата и квалитетот на изведената електрична инсталација од акредитирано инспекциско тело и
- копија од лиценцата, односно дозволата за приредување на играта на среќа, односно забавната игра, доколку таа му е издадена.

(3) Доколку барањето за издавање на решение за утврдување на исполнувањето на просторните и техничко-технолошките услови и поставеноста на опремата за приредување на лотариските игри на среќа е поднесено од страна на приредувачот од членот 7 став (2) од овој закон, а се однесува за деловна просторија на која право на сопственост или право на користење има друг субјект кој врши дејност, кон барањето се поднесуваат податоци за опремата за приредување на игрите на среќа сместена во деловната просторија и договор со кој се уредени правата и обврските меѓу приредувачот од членот 7 став (2) од овој закон и другиот субјект.

(4) Утврдувањето на исполнувањето на просторните и техничко-технолошките услови и поставеноста на опремата за приредување на игрите на среќа и на забавните игри од страна на приредувачите на игрите на среќа и на забавните игри и издавањето на решение од страна на Управата за јавни приходи се врши во рок од 15 работни дена од денот на приемот на барањата од ставовите (2) и (3) на овој член, со соодветна примена на одредбите на контролата уредена со прописите кои се однесуваат на даночната постапка.